К. СИДОВСКИ

# ФОТОГРАФИИТЕ НА МИЛТОН МАНАЌИ КАКО ИЗВОР ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

Во Историскиот архив на Битола се наоѓа документационен илустративен материјал на Милтон Манаки, првиот сниматeл на Балканот. Во врска со неговата дејност треба исто така да се спомене и улогата на неговиот брат Јанаќа Манаки, кој има направено извесен број фотографии и кој имал повеќе можности, наоѓајќи се во поразвиени европски центри, да го снабди со фотографски материјали и да слика некои настани.

Фондот на Милтон Манаки е богат со фотографии, плочи, филмски камери и друго. Тие грижливо се чуваат во посебни простории на архивот.

Во последните години од животот на Милтон Манаки, според неговите толкувања, направени се легенди за фотографиите, а тие се евидентирани од службени лица. Фондот располага со 6 000 фотографии, ископирани од плочите, кои се чуваат посебно, а за разни потреби се користат фотографиите. Со последното прочистување на негативите на овие фотографии е продолжен векот на нивното траење како што се претпоставува најмалку за уште сто години.

Евидентирањето на сликите претставува само едно грубо средување, по кое сигурно ќе следи поцелосна стручна обработка. Во оваа смисла и нашиот прилог претставува еден мал придонес кон тоа. Материјалот е прилично достапен и од него може да се добие претстава за содржината и значењето на фотографиите.

Временски фотографиите почнуваат од 1898 год. од кога датира и ателјето на Манаки, па сè до последните години од неговиот живот.

Во нашиов прилог посебно станува внимание за неговите фотографии од 1898 год. до крајот на Првата светска војна.

Фотографиите во овој прилог се средени во тематски групи по азбучен ред, а во самите тематски групи по хронолошки ред. За секоја фотографија е дадена кратка легенда, времето на нејзиното настанување, местото и на крајот нејзиниот инвентарен број со кој е регистрирана во инвентарните книги на Историскиот архив во Битола.

Овој материјал претставува извонредно оригинално богатство што ќе послужи за илустративно обработување и расветлување на низа значајни настани од историјата на Македонија.*)

## АЛБАНСКИ КЛУБОВИ

**1. Зградата на албанскиот клуб. Време — турско. Место Битола, на улица Белградска. (ИАБ, Ф.М.М. 765).**

**2. Зградата на албанскиот клуб. Време — 1909 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 108).**

**3. Прва албанска школа со латински букви во Битола, после конгресот од 10 јули 1909 год. Време 1909 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 463).**

**4. Албански конгрес во Дебар за да се заведе по албанските школи пишување со латински букви. На сликата се гледа Абдул Јупи од Сторија Ереска — средина четврти од десно на лево први ред. Време 1909 год. Место Дебар. (ИАБ, Ф.М.М. 552).**

**5. Конгресистите во Дебар 1909 год. Влаот Андреа Беламач од лево и Ферит Јупи адвокат во дебарска носија. Време 1909 год. Место Дебар (ИАБ Ф.М.М. 797).**

**6. Дочек на конгресистите во Дебар со дебарски носии. Време 1909 год. Место Дебар. (ИАБ, Ф.М.М. 1061).**

## ВЕРСКИ ПРАЗНИЦИ

**1. Група гопешани снимени на панаѓурот на ден Илинден. Време пред Балканските војни после Хуриетот. Место во подножието на Гопеш. (ИАБ, Ф.М.М. 16).**

## ЕТНОЛОГИЈА

**1. Еврејска фамилија во својата носија. Време 1911 год. Место Битола — дома (ИАБ, Ф.М.М. 1045) .**

## ИЛИНДЕНСКО ВОСТАНИЕ

**1. Бахтијар паша (пресликана). Време 1903 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5251).**

**2. Илинденци врзани и испратени за Азија. Време 1904 год. Место Битола, на станица. (ИАБ, Ф.М.М. 5878).**

## КОНЗУЛАРНИОТ КОР

**1. Конзулите на прославата на празникот на 10 мај на романскиот конзул. Време турско. Место во дворот на романскиот конзул. (ИАБ, Ф.М.М. 1034).**

---

*) За историското, културно-просветно значење на овие фотографии, види: Ј. Андоновска, Фотографиите од Фондот на Милтон Манаки, сп. Историја, V/2, Скопје 1969 г., стр. 175—178.

2. Прослава на празникот на 10 мај на романскиот конзул во Јанина. На сликата се гледаат личностите од подоцнежните настани Татар Осман Паша — валија во Јанина, кој во 1908 год. беше испратен од султанот Хамид да ги смири Младотурците, но беше заробен од Нијази-беј и задржан три дена и испратен назад во Цариград. На десната страна од Татар Осман е романскиот конзул и други конзули и гавазите облечени во албанска носија. Време 1898 год. Место Јанина. (ИАБ, Ф.М.М. 1262).

3. Прослава на празникот 10 мај 1904 год. на романскиот конзул. Време 1904 год. Место Битола пред зградата на романскиот конзул. (ИАБ, Ф.М.М. 287).

4. Прослава на рускиот конзул на балот. Време 1904 год. Место Битола улица Белградска? кај рускиот конзул. (ИАБ, Ф.М.М. 418).

5. Портрет на романскиот конзул Константин Концеско во Битола. Со препорака на конзулот браќата Милтон и Јанаќа Манаќи учествуваа на изложбата во Букурешт 1906 год. на која добија 4 медали. Време 1905 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1899).

6. Сите битолски конзули на ден Св. Никола кај рускиот конзул. Време 1906 год. Место Битола, во дворот на рускиот конзул. (ИАБ, Ф.М.М. 163).

7. Сликани сите конзули во Битола. Насликани на денот на празнувањето на бугарскиот конзул, Време, најверојатно за време на хуриетот. Место Битола во дворот на бугарскиот конзулат. (ИАБ, Ф.М.М. 109).

8. Зградата на францускиот конзулат. Време непознато. Место Битола на улица Кирил и Методиј. (ИАБ, Ф.М.М. 5839).

## МАКЕДОНСКИ РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ДЕЈЦИ И ЧЕТИ

1. Даме Груев како учител. Време 1902 год. Место непознато (ИАБ, Ф.М.М. 950).

2. Костурскиот војвода Пандо Клашев и Коршаков*? со своите чети. Време пред Илинденското востание. Место во близината на Костур (ИАБ, Ф.М.М. 88).

3. Борис Сарафов со четите. Во средината на фотографијата е Борис Сарафов кај што лежи. Време 1903 год. Место непознато. (ИАБ, Ф.М.М. 947).

4. Александар Кошка — убиен, војвода од Голеш, убиен од Турците. Време 1905 год. Место Пелистер. (ИАБ, Ф.М.М. 5857).

5. Портрет на еден курир за време на Илинден. Време 1905 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1965).

6. Тројца Власи, во средината е војводата Апостол Кушкани од селото Пласа. Селото било населено со Власи Фаршароти. Војводата Апостол Кушкани бил осуден на смрт поради убиството на грчкиот владика во Корча. Време 1905 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 2020).

7. Влашката чета на Кошка Александар од десно лежи а од лево е Стерјо Апостолина. Време 1905 год. Место Пелистер. (ИАБ, Ф.М.М. 3026).

8. Обесувањето на Туруниев. Време 1905 год. Пресликана. (ИАБ, Ф.М.М. 4494).

---

*) Веројатно погрешно транскрибирано.

9. Војводата Спиро Белкамен четврти од лево на десно, а трети од лево е Михали Белкамен со албано-влашката чета. Време 1905—1906 год. Место во близината на селото Белкамен. (ИАБ, Ф.М.М. 1787).

10. Тоне војводата прв од лево и до него Ѕоле војводата — станувaат побратими ги укрстуваат ножовите со четите. Време 1906 год. Место Баница. (ИАБ, Ф.М.М. 1792).

11. Влашка чета од Караферија со Никола Нича од десно првиот. Време 1907 год. Место Кароферија. (ИАБ, Ф.М.М. 5883).

12. Алексо Војвода од Демир Хисар со својата чета. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 952).

13. Портрет на војводата Александар Ефтимов. Време 1908 год. Место Битола, кај него. (ИАБ, Ф.М.М. 1072).

14. Портрет на Милан Матов од град Струга инспектор на сите чети во Македонија. Време 1908 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 298).

15. Пресликана слика на војводите од Леринско. Во средина Ѕоле Војводата на десно Крсте Мандре и турски офицер. Време 1908 год. Место непознато. (ИАБ, Ф.М.М. 1216).

16. Портрет на битолскиот војвода Алексо. Време 1908 год. Место Битола, дома. (ИАБ, Ф.М.М. 617).

17. Први од лево на десно е: Павле Христов војвода, Мишко и Милан Матов. Време 1908 год. Место Битола, во ателјето на браќата Манаќи. (ИАБ, Ф.М.М. 619).

18. Четите на Чакаларов сметан во Костурско како Питу Гули во Крушево. Чакаларов е четвртиот од десно на лево со бастумот; другиот што лежи од десно е Панде Христов — војвода и други. Време 1908 год. Место Битола, во времето кога дојдоа Илинденците во 1908 год. (ИАБ, Ф.М.М. 759).

19. Тројца другари од Мариховската чета. Време 1908 год. Место Битола, во дворот на црквата Света Богородица. (ИАБ, Ф.М.М. 1684).

20. Војводата Арсо — во средина со својата чета. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1689).

21. Портрет на војводата Милан Матов. шеф на четите кога влегуваа за време на Хуриетот. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1693).

22. Крсте Војводата — во средина со пушка од Дебар заедно со четите. Време 1908 год. Место Битола, во дворот на црквата Света Богородица. (ИАБ, Ф.М.М. 1694).

23. Блаже Биринчето — од лево што седи и Ѓорче заедно со своите чети. Време 1908 год. Место Битола, во црквата Света Богородица. (ИАБ, Ф.М.М. 1696).

24. Војводата Ќопов — што седи заедно со четата од Струга. Време 1908 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1703).

25. Портрет на Костурскиот војвода Христо Цветков. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1737).

---

*) Христо Матов — идеолог на десницата — лидер на врховизираното крило на ВМРО.

26. Алексо Војводата од Демир Хисар со својата чета — во средина што седи. Време 1908 год. Место Битола, во дворот на црквата Света Богородица. (ИАБ, Ф.М.М. 1785).

27. Еден војвода со својата чета од Демир Хисар. Време 1908 год. Место Битола, во црквата Света Богородица. (ИАБ, Ф.М.М. 1786).

28. Војводата Блаже — што седи, од Струга со својата чета. Време 1908 год. Место Битола, во црквата Света Богородица. (ИАБ, Ф.М.М. 1788).

29. Портрет на Васил Чакаларов — војвода во Костурско. Време 1908 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1793).

30. Портрет на војводата Павле Христов. Време 1908 год. Место Битола, ателје (ИАБ, Ф.М.М. 1809).

31. Браќата Матови, војводата Милан Матов — десно, и Христо Матов*). Време 1908 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1810).

32. Мариховската чета заедно со војводата — средина првиот ред, првиот од лево во втората редица е Миле од Жван. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 944).

33. Војводата на влашката чета Атанас од Корча — лево од него братот на Митре влаот Коле. Време 1908 год. Место Битола (ИАБ, Ф.М.М. 5388).

34. Алексо војводата од Демир Хисар со четата. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, ФМ.М. 5405).

35. Четата од Струга со Војводата „Скршена Нога“ — вториот од десно. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5840).

36. Војводата Завалјан што седи со Ристо Кирјас — печатаро, од десно новинарот-албански на весникот „Дрита“ и други. Време 1909 год. Место Битола, кеј покрај реката Драгор. (ИАБ, Ф.М.М. 1976).

37. Ѕоле Војводата од Баница после заклетвата на коњот со сабјата и својата чета. Време 1909 год. Место Баница. (ИАБ, Ф.М.М. 5865).

38. Илинденци Власи од Крушево — Нико Баљаноти прв од лево, а во средината Михо Зографо. Време 1909 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 868).

39. Портрет на влашкиот Илинденски војвода Николај Баламат од Перивол. Време 1909 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1874).

40. Ѕоле Војводата од Баница на својот коњ. Време 1909 год. пред убиството во Лерин. Место село Баница. (ИАБ, Ф.М.М. 496).

41. Портрет на Ѕоле Војводата Стојчев убиен од Турците во Лерин 1909 год. Време 1909 год. Место Баница. (ИАБ. Ф.М.М. 618).

42. Илинденецот Христо Цветков од Костур — од лево заедно со еден друг човек. Време 1915 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1770).

43. Портрет на Милан Матов — војвода. Време 1916 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1373).

44. Портрет на Милан Матов. Време 1916 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 4895).

---

*) Веројатно погрешно транскрибирано.

45. Портрет на Коста Дабижа Илинденец. Време бивша Југославија. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 4419).

46. Фамилијата на Ѕоле Стојчев — среде со пушката од Баница. Време турско. Место Баница, дома. (ИАБ, Ф.М.М. 621).

47. Митре влаот со четата од село Конунброт — на лево што лежи и Христо Цветков кај нив е Панде и Коршаков*) — во Ќошот на лево. Време во турско. Место Костурско. (ИАБ, Ф.М.М. 417).

48. Влашка чета на Коста Скупра од село Турја — Крања. Време турско. Место Јанина, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 745).

49. Портрет на Пере Тошев. Пресликан. (ИАБ, Ф.М.М. 4474).

50. Портрет на Даме Груев. Пресликан. (ИАБ, Ф.М.М. 4475).

51. Питу Гули — среде, Васили Мучитани од лево и други пресликани. (ИАБ, Ф.М.М. 4505).

52. Портрет на Александар Турунџиев. Пресликан. (ИАБ, Ф.М.М. 4506).

53. Портрет на војводата Димко Николовски од село Драгош. Пресликан. (ИАБ, Ф.М.М. 4507).

54. Портрет на војводата Стефан Ралев. Пресликан. (ИАБ, Ф.М.М. 4510).

55. Четата на Гоце Делчев. Пресликана. (ИАБ, Ф.М.М. 4643).

56. Влашка чета меѓу кои е и Коста Дабижа — вториот од лево. Пресликана. (ИАБ, Ф.М.М. 4645).

57. Даме Груев пред судот со другари со брада. Пресликан. (ИАБ, Ф.М.М. 4906).

58. Портрет на војводата Митре влао од Кономлад. Пресликан. (ИАБ, Ф.М.М. 4934).

60. Александар Турунџиев со своите другари — вториот ред втор. Пресликан. (ИАБ, Ф.М.М. 5464).

61. Телото на Даме Груев. Пресликано. (ИАБ, Ф.М.М. 5465).

62. Портрет на војводата Каратоша. Пресликан. (ИАБ, Ф.М.М. 5483).

63. Четата на Пандо Клашев — убиени. Пресликани од Јанаќи Манаќа. (ИАБ, Ф.М.М 5531).

64. Ѓорѓи Сугаре — со четата — првиот. Пресликани. (ИАБ, Ф.М.М. 5539).

65. Портрет на Христов Павле Илинденец Битолски војвода од Ѓени Мале. (ИАБ, Ф.М.М. 5622).

## МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА

1. Младотурците при земањето на заклетва пред Рамзи-Беј — командант, од десно првиот што му е крената раката. Секој еден држи по една парола: Слобода, Да живее Хуриетот и друго. Време пред Хуриетот. Место Битола пред касарните. (ИАБ, Ф.М.М. 136).

2. Младотурците во планина пред своите шатори. Татар-беј со знамето — другарот на Нијази-беј. Време 1908 год. пред Хуриетот. Место на една од околните планини на Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 274).

3. Група турски војници испратени од страна на Нијази-Беј за да го убијат Шемси Паша што беше испратен од страна на султанот Хамид за да ја угуши Младотурската револуција — со кечето војникот што го уби пашата. Време 1908 год. — пред Хуриетот. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5748).

4. Хуриетот 1908 год. 24 јули на чело со Нијази-Беј. Време 1908 год. Место Битола, главната улица. (ИАБ, Ф.М.М. 118).

5. Манифестација на грчката партија за време на Хуриетот. Време 1908 год. Место главна улица пред куќата на Милтон Манаќи. (ИАБ, Ф.М.М. 173).

6. Влегувањe на војската — Авџи табур (ловџиски полк) на чело со Рамзи-Беј командантот — на коњот со белиот џакет и на капата значка. Време 1908 год. Место Битола, главната улица. (ИАБ, Ф.М.М. 276).

7. Турскиот комитет после Хуриетот. Од лево на десно во првиот ред се: вториот претседател на Битолската општина; Нијази-Беј; валијата, артилерискиот командант Ејуп Сабри Беј од Охрид на чело на Хуриетот во Охрид и другите членови на комитетот. Време по Хуриетот 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 279).

8. Романските министри доаѓаат во Битола како гости во пратња на турската војска. Во пајтонот е Др. Истрате — со брадата, претседател на романските министри. Време 1908 год. Место, Битола пред монополот, сликани и со филм и со камерата од Милтон Манаќи. (ИАБ, Ф.М.М. 383).

9. Доаѓањето на Нијази-Беј во Битола, во првиот ред — со срма, до него од лево е Черчиз-Беј со своите чети. Време 1908 год. Место во плацот на денешниот парк. (ИАБ, Ф.М.М. 392).

10. Власите од Корча кога доаѓаат во Битола за време на Хуриетот. Време 1908 год. Место Битола, главна улица. (ИАБ, Ф.М.М. 407).

11. Затворениците осудени на смрт, доживотна робија и Илинденците помилувани во чест на Хуриетот и ослободени. Попот со бројниците и учителот до него со брадата беа осудени на смрт, Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 416).

12. Дефиле на војските на Нијази-Беј. Време 1908 год. Место Битола пред зградата на касарната. (ИАБ, Ф.М.М. 429).

13. Нијази-Беј кога доаѓа од Кичево со своите чети — со плаштот е Анастас Митрев. Време 1908 год. Место Битола, кај Света Недела. (ИАБ, Ф.М.М. 440).

14. Една група млади Албанци за време на Хуриетот како гости во Битола од Корча. Време 1908 год. Место Битола, во ателјето на браќата Манаќи. (ИАБ, Ф.М.М. 450).

15. Четите од Костур на чело со Мифтар-Беј — од тројцата напред првиот од десно на лево за време на Хуриетот во Битола. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 455).

16. Мухтар-Беј од Корча — со сабјата заедно со своите другари за време на Хуриетот при доаѓањето во Битола. Време 1908 год. Место Битола, во ателјето. (ИАБ, Ф.М.М. 461).

17. Група атентатори од Битола, кои го отепаа Шемси паша кој беше испратен од султан Хамид од Цариград за да ги смири Младотурците, но

него го уби Љатиф Ефенди — вториот од десно на лево што седи — бела капа (на стол). Време 1908 год. Место Битола, во ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 634).

18. Портрет на Осман паша, кој што бил испратен во Битола да го задуши Хуриетот но беше заробен од страна на Нијази-беј, одново беше испратен назад во Цариград кај султанот да му рече дека не може да се смири Хуриетот. Време 1908 год. Место, фотографскиот прилог е преснимен од слика во Јанина. (ИАБ, Ф.М.М. 635).

19. Охридскиот одбор на Младотурците дојдени за време на Хуриетот во Битола. Време 1908 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 647).

20. Портрет на Апостол од Корча, осуден на смрт заради убиството на грчкиот владика во Корча, ослободен за време на Хуриетот. Време 1908 год. Место Битола, во ателјето. (ИАБ, Ф.М.М. 997).

21. Прослава на денот на Хуриетот во Гопеш и нивната носија. Време 1908 год. Место Гопеш, кај чешмето на Сима. (ИАБ, Ф.М.М. 1020).

22. Доаѓањето на првата музика во Битола на денот на Хуриетот. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1039).

23. Доаѓањето на Илинденците на денот на Хуриетот. Време 24 јули 1908 год. Место Битола сликани од балконот на Милтон Манаќи. (ИАБ, Ф.М.М. 1067).

24. Манифестација на Евреите на денот на Хуриетот. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1078).

25. Портрет на Никуча Баламач — аптекар од Корча во влашка носија на траката што ја носи пишува „Да живее слободата". Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1368).

26. Портрет на Нијази Беј — прокламација на Хуриетот. Време 1908 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1419).

27. Група Албанци — тоски со офицерот Ќани ефенди за време на Хуриетот. Време 1908 год. Место Битола, во близината. (ИАБ, Ф.М.М. 1485).

28. Група тоски од четата на Черчиз беј. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1981).

29. Ќани беј — битолски во планината. Време 1908 год. Место во планината. (ИАБ, Ф.М.М. 3573).

30. Доаѓањето на грчките андарти заедно со владиката Емиљанос. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 4953).

31. Портрет на Адем беј од Албанија за време на Хуриетот, другар со Нијази Беј. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5015).

32. Турскиот комитет, во првиот ред вториот од лево е претседателот на турската општина Нијази-беј, до него е валијата, потоа артилериjскиот командант Ејуп Сабри беј од Охрид и други. Сликата е пресликана. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5219).

33. Публиката на денот на Хуриетот. Време 1908 год. Место Битола, пред црвените касарни. (ИАБ, Ф.М.М. 5229).

---

*) Веројатно се мисли на Сојузот на бугарските конституциони клубови кој беше формиран во септември 1908 год.

34. Бугарскиот комитет*) за време на Хуриетот и тоа: во првиот ред од лево е прв проф. Димитров, вториот од с. Христофор, четвртиот Павле Христов, петтиот доктор Николов и шестиот Кецкаров од Охрид. Вториот ред: Попов Аце Дорев, проф. Алтипармак Александар и други. Пресликана од 18 x 24. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5428).

35. Доаѓањето на Ѕоле Војводата со четата во Битола за време на Хуриетот. Пресликана од 18 x 24 од Милтон Манаќи. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5456).

36. Војводата влашки Баламати од Војуса лево седи и Насто од Пласа Корча со двајца другари. Време 1908 год. Место Битола (ИАБ, Ф.М.М. 5796).

37. Група Илинденци осудени и ослободени за време на Хуриетот од Костурско. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5827).

38. Лекарот од Хрупишта — пратеник на султанот Решад, со својата жена. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5837).

39. Тројца Илинденци од Морихово по слегувањето од планината. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5854).

40. Дочек на Илинденците за време на Хуриетот во Битола. Време 1908 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5864).

41. Изглед на зградата на Нијази-беј изградена 1908—1909 год. Време 1908/1909 год. Место Ресен. (ИАБ, Ф.М.М. 1259).

42. Портрет на артилерискиот полковник Шукри паша во Битола. Време 1909 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 249).

43. Подготовка на војската на Нијази-беј кога оди во Цариград да го фатат султанот Хамид каде го заробија и го донесле во Солун. Време 1909 год. Место Битола, пред станицата. (ИАБ, Ф.М.М. 424).

44. Доаѓањето на германскиот генерал Фон дер Голц паша — високиот со шинелот, Дургут паша нискиот. Време 1909 год. Место Битола, на станица. (ИАБ, Ф.М.М. 438).

45. Дочекот на романските министри од страна на Нијази беј во Ресен, со војна музика. Време 1909 год. Место Ресен. (ИАБ, Ф.М.М. 439).

46. Нијази-беј — првиот од десно на лево со децата од предвојничка обука од Ресен. Време 1909 год. Место Битола, наречено место Девејани. (ИАБ, Ф.М.М. 502).

47. Турскиот суд во Битола, турскиот валија со брадата во средината на првиот ред. Време 1909 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 568).

48. Портрет на турски воен лекар. Време 1909 година. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 993).

49. Учениците од воената академија заедно со Кемал Мустафа, кој подоцна ќе биде наречен: „Ата Турк" — татко на Турците. Време 1909 год. Место Битола, пред касарните. (ИАБ, Ф.М.М. 1417).

50. Дефиле со сликата на султанот Решад во Битола кога беше избран. Време 1909 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5220).

51. Дочекот на министрите од Романија со претседателот Др. Истрате — со белата брада и лево е Нијази-беј со шубарата и други. Време 1909 год.

Место Битола, улицата наречена Терпсис која што водела за железничката станица. (ИАБ, Ф.М.М. 5644).

52. Прославата на денот на Хуриетот од страна на граѓаните. Во средината претставена Турција со сите народности. Време 1909 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5863).

53. Погребувањето на грчкиот владика кој беше убиен од Турците, а беше погребен во Гребена. Време 1911 год. Место Гребена. (ИАБ, Ф.М.М. 1030).

54. Портрет на грчкиот владика Емиљанос што бил во Битола за време на Хуриетот и отишол во Гребена, каде е убиен од Турците. На сликата е убиениот владика како му се поклонува народот. Време 1911 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 484).

## МАКЕДОНИЈА ПО ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА

1. Одредувањето на српско грчката граница на Кајмакчалан. Време по 1912 год. Место Кајмакчалан. (ИАБ, Ф.М.М. 452).

2. Излегувањето на принцот-регент Александар од митрополијата за време на неговиот престој во Битола. Време 1912—1913 год. Место Битола, пред митрополијата. (ИАБ, Ф.М.М. 302).

3. Празнување годишнината од влегувањето на српската војска во Битола. На сликата се: принцот-регент Александар, Пашиќ и Варнава. Време 1913 год. Место Битола во долниот дел од денешниот парк (ИАБ, Ф.М.М. 365).

4. Принцот-регент Александар и Пашиќ. Време 1913 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1077).

5. Зградата на агенцијата Раул Вене за прекуокеанскиот пат за Америка. Време 1913 год. Место Битола, на плоштадот. (ИАБ, Ф.М.М. 1231).

6. Принцот-регент Александар, Пашиќ и Варнава ги поставуваат темелите за подигањето на црквата во местото каде сега е паркот. Време 1913 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1235).

7. Телото на убиениот бакал-винар Пенцерко од страна на српските арамии. Време 1913 год. Место Битола, дома. (ИАБ, Ф.М.М. 1805).

8. Војската како дефилира пред принцот-регент Александар. Време 1913 год. Место Битола, црвените касарни. (ИАБ, Ф.М.М. 3019).

9. Дочекот на грчкиот крал; од десно патријархот Атинагорас со евзоните; потоа, генералот Илија Бојковиќ. Време 1913 год. Место Битола, пред грчкиот конзулат. (ИАБ, Ф.М.М. 4405).

10. Српски службеници од царинарницата на екскурзија. Време 1913 или 1914 год. Место покрај реката во близината на Кажани. (ИАБ, Ф.М.М. 99).

11. Зградата на весникот „Јужна Звезда". Време 1914 год. Место Битола, денес куќа на Лозанче. (ИАБ, Ф.М.М. 5363).

## МЕСТА — ГРАДОВИ

1. Кастрато тврдината на Али Паша Јанински. Време 1899 год. Место Јанина. (ИАБ, Ф.М.М. 4945).

2. Панорама на с. Војуса. Пресликана од 18 x 24. Време 1901 год. Место Војуса. (ИАБ, Ф.М.М. 5017).

3. Панорама на с. Смилево. Пресликана. Време 1902 год. Место с. Смилево. (ИАБ, Ф.М.М. 5662).

4. Панорама на Смилево. Пресликана од 18 x 24. Време пред 1903 год. Место Смилево. (ИАБ, Ф.М.М. 4984).

5. Панорама на Крушево, изгорено. Време 1904 год. Место Крушево. (ИАБ, Ф.М.М. 5731).

6. Изглед на с. Гопеш. Време 1907 год. Место с. Гопеш. (ИАБ, Ф.М.М. 404).

7. Изглед на с. Магарево. Пресликана. Време 1912 год. Место с. Магарево. (ИАБ, Ф.М.М. 4903).

## НАСТАНИ ОД 1904 — 1908

1. Јанаќи Манаќи на бродот, оди од Париз за Лондон да го купи кино апаратот. Време 1905 год. Место на патот Париз—Лондон. (ИАБ, Ф.М.М. 1934).

2. Покретна амбуланта. На сликата се гледа болничарка францускиња што врши преврска. Време 1907 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 981).

3. Доминик Франсоа со сестрите. Време 1907 год. Место Битола. (ИАВ, Ф.М.М. 4955).

4. Воениот комитет во Битола во 1908 год. вториот од лево на десно е Саладин-беј војни аташе, третиот командантот и четвртиот е Рамзи-беј. Време пред 1908 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 630).

5. Група грчки андарти-фатени од Турците. Во средината е војводата Камилакис обесен 1908 год. во денешниот парк во Битола. Пресликани. (ИАБ, Ф.М.М. 2133).

6. Војниот црвен крст. Време турско. Место Битола (ИАБ, Ф.М.М. 986).

## ПОРТРЕТИ НА ЛИЧНОСТИ

1. Група турски војници со митралези. Време 1899 год. Место Битола кај касарните. (ИАБ, Ф.М.М. 567).

2. Портрет на поштар-татар. Време 1900 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1013).

3. Портрет на директорот на весникот албански „Дрита“. Време 1904 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 5020).

4. Портрет на влашкиот учител од Горна Белица Димитар Тувица — младоженет. Време 1904 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 650).

5. Портрет на еден турски ага-неписмен во носија. Време 1904 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1501).

6. Портрет на лекарот Филип Миша од Хрупишта (Грамос) во влашка носија, влашки пратеник, прв во турскиот парламент. Време 1904 год. Место Хрупишта. (ИАБ, Ф.М.М. 1853).

7. Фамилијарна слика на Франсоа де Кок. Време 1904 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5021).

8. Портрет на гавазот на францускиот конзул во турски битолски алишта. Време 1905 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1483).

9. Професорите од романската гимназија со почесниот член Чинеску — третиот од првиот ред, а вториот е инженер Чумета Стерјо што ги направи мостовите на Драгорот — Довлеџик и пред Цапари. Време 1906 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 734).

10. Љатив — од десно што го уби Шемши паша испратен од султанот Хамид за да го смири Хуриетот. Време 1907 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1762).

11. Портрет на еден ерменски адвокат од Солун. Време 1907 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 3729).

12. Риза паша — валијата во Битола во својата официјална облека. Време пред 1908 год. Место Битола, во својот двор. (ИАБ, Ф.М.М. 627).

13. Портрет на Таќи Кардула — трговец од Крушево. Време 1908 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1178).

14. Черчиз беј — е без брада со својот секретар. Време 1908 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1521).

15. Аптекарот од Турја — со весникот „Ултима Ора“ што се печатеше во Романија. Време 1908 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 5313).

16. Веренички портрет на Андон Беча романски учител, а покасно стана албански министер. Време 1909 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М.2206).

17. Портрет на Риза беј. Време 1909 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 4959).

18. Михаил Пинета професор и преводач на италијанскиот конзул. Време 1909 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 5315).

19. Апостол Базда — влав од Клисура шеф на полицијата во Цариград, испратен од султанот Решад да ја извиди ситуацијата. Време 1911 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 915).

20. Портрет на турските бегови со своите пријателки. Време пред Првата Балканска војна. Место Битола во една соба. (ИАБ, Ф.М.М. 265).

21. Портрет на фабрикантот Стерјо Пикуле. Имаше своја фабрика за штофови во село Магарево. Време турско. Место Битола, ателје. (ИАБ Ф.М.М. 957).

22. Портрет на ученикот од село Дољани од романската гимназија Василис Куши кој пишувал многу песни за борците. Време турско. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1143).

24. Гавазот на австриskiот конзул — лево со другарот. Време турско. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5511).

25. Возот Битола—Солун. На сликата се гледаат: Бранислав Нушиќ вториот од лево, првиот е Нушаковиќ*) третата личност на фотографијата е ми-

---

*) Веројатно погрешно транскрибирано.

нистер во Шпанија и генералот Илија Бојковиќ. Време 1912 год. Место Битола, пред станица. (ИАБ, Ф.М.М. 1673).

26. Семејството на Хаџи Коста — Влав од село Гопеш претставник на паробродска компанија. Време пред Првата светска војна. Место Битола, во дворот на куќата на Хаџи Коста. (ИАБ, Ф.М.М. 9).

27. Портрет на Ферат Фрашари капетан, покасно станал аѓутант на албанскиот крал. Време непознато. Место непознато. (ИАБ, Ф.М.М. 1515).

## ПОСЕТА НА СУЛТАН РЕШАТ НА БИТОЛА 1911 ГОДИНА

1. Куќата изградена за турскиот султан Решат V наменета за ручек. Време 1911 год. Место Битола, на местото наречено Тумбе кафе. (ИАБ, Ф.М.М. 86).

2. Султанот Решад слегува од општината во која спиеше и оди во џамијата да се моли. Време 1911 год. Место Битола, (ИАБ, Ф.М.М. 164).

3. Салонот во кои ги чекаше султанот Решад гостите во градската општина. Време 1911 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 420).

4. Турската врата кај Црни мост кога дојде султанот Решад V во посета на Битола. Време 1911 год. Место Битола, кај Црни мост. (ИАБ, Ф.М.М. 433).

5. Слика на аѓутантот на султанот Решад V од Цариград заедно со својот пријател од Битола — средниот, а со кордоните е аѓутантот. Време 1911 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 984).

6. Дочекот на султанот Решад V. Време 1911 год. Место Битола, пред станица. (ИАБ, Ф.М.М. 1213).

7. Дочекот на султанот Решад V на станицата во пајтонот. Време 1911 год. Место Битола, станица. (ИАБ, Ф.М.М. 5816).

## ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА

1. Група од српски офицери од 1912 год. Време 1912 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 46).

2. Руски доброволци во 1912 год. Сликани пред црвените касарни заедно со српските војници. Време 1912 год. Место Битола, пред црвените касарни. (ИАБ, Ф.М.М. 48).

3. Група српски војници во 1912 год. пред својот топ. Време 1912 год. Место Битола, пред касарните. (ИАБ, Ф.М.М. 80).

4. Ѓенерал Илија Бојковиќ ја отпоздравува кавалеријата што пристигна во Битола. Време 1912 год. Место Битола, пред Саат кула и Исак џамија. (ИАБ, Ф.М.М. 82).

5. Чедомир Петровиќ — офицер заедно со своите војници — артилерци во 1912 год. на коњот. Време 1912 год. Место Битола, во близината на касарните. (ИАБ, Ф.М.М. 124).

6. На сликата се: лекарите и болничарите од првата полска болница на Моравската дивизија — првата позадина 1912 год. Време 1912 год. Место Битола, пред касарната на Ататурк. (ИАБ, Ф.М.М. 370).

7. Турските лекари заробеници заедно со српските лекари. Време 1912 год. Место Битола, пред војната болница. (ИАБ, Ф.М.М. 374).

8. Доаѓањето на српската кавалерија на 6 ноември 1912 год. Време 1912 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 680).

9. Бранислав Нушиќ — со полициската капа и во средината со генералот Илија Бојковиќ. Време 1912 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 911).

10. Група болни — српски војници заедно со болничарката. Време 1912 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 982).

11. Лешевите на бакалот Пенџерко, жената и нивниот син убиени од страна на арамиите. Време 1912 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1011).

12. Првите српски единици кој што влегле во Битола во 1912 година. Време 1912 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1027).

13. Портрет на Бранислав Нушиќ — полициски началник во Битола. Време 1912 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1224).

14. Доаѓањето на доброволците Руси во Битола. Време 1912 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 4950).

15. Српската артилерија ја бомбардира Битола. Време 1912 год. Место од страната на Црна Река. (ИАБ, Ф.М.М. 5873).

16. Грчкиот крал Константин во средината, позади него принцот Павле и Ѓорѓиос со наочарите. Време 1912 год. Место Битола, во митрополијата. (ИАБ, Ф.М.М. 5877).

## ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

1. Сликани група лекари и тоа Бугари и Австријци. Време 1915 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1037).

2. Доаѓањето на бугарските војници. Време 1915 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1083).

3. Група германски војници. Време 27 јули 1915 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1245).

4. Доаѓањето на бугарскиот командант Стојчев во Битола — со брадата и мустаќите. Време 1915 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1637).

5. Доаѓањето на Германците во Битола. Време 1915 год. Место Битола, во близината. (ИАБ, Ф.М.М. 1638).

6. Доаѓањето на бугарските војски во Битола. Време 1915 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1641).

7. Доаѓањето на Германците со генералот Зомерфелд. Време 1915 год. Место Битола, пред хотелот „Конституција“ на главната улица. (ИАБ, Ф.М.М. 5395).

8. Портрет на еден француски војник. Време 1915 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 5555).

9. Руски војници доброволци 1916 год. Време 1916 год. Место Битола, пред возот. (ИАБ, Ф.М.М. 174).

10. Доаѓањето на руските доброволци во Битола заедно со српските офицери. Време 1916 год. Место Битола, пред железничката станица. (ИАБ, Ф.М.М. 357).

11. Дефиле на војските пред бугарскиот генерал Бојаџиев — до дрвото од лево и германскиот генерал Зомерфелд. Време 1916 год. Место Битола, на патот за станица. (ИАБ, Ф.М.М. 815).

12. Доаѓањето на група италијански офицери — како се шетаат низ Битола. Време 1916 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 917).

13. Гладот во Битола — 1916 год. жена со пет деца. Време 1916 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 946).

14. Француски и српски војници сликани со топот „Ева" кој што го заробија од Германците 1916 г. Време 1916 г. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1222).

15. Група видни личности за време на завземањето на Битола од страна на сојузничките војски на Антантата во 1916 година. Од десно на лево: Петар Лешнаровиќ — претседател, до него француксиот офицер Ерно, српскиот командант Васовиќ, началникот на градот Алимпиќ, англискиот генерал, францускиот генерал и други. Време 1916 година. Место Битола, пред црквата Св. Димитрија. (ИАБ, Ф.М.М. 1225).

16. Група Италијанци сликани пред заробениот топ „Ева" од Германците. Време 1916 год. Место Битола, пред касарната. (ИАБ, Ф.М.М. 1246).

17. Група војници српски и бугарски. Време 1916 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 1354).

18. Урнатини по војната 1916 год. Време 1916 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1663).

19. Портрет на австриски офицер. Време 1916 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 3077).

20. Милтон Манаќи во посета на Јанаќи Манаќи во затворот. (Забелешка пред да е интерниран Јанаќи Манаќи во Бугарија). Време 1916 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 3479).

21. Задницата на италијанската војска. Време 1916 год. Место во близината на Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 4981).

22. Двајца војници — Арапи. Време 1916 год. Место Битола. ,(ИАБ Ф.М.М. 5128).

23. Портрет на еден италијански офицер. Време 1916 год. Место Битола, ателје — бавча. (ИАБ, Ф.М.М. 5485).

24. Портрет на еден француски офицер. Време 1916 год. Место во близината на Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5875).

25. Група медицински персонал од Англија во Битола. Време 1917 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 968).

26. Група болничарки во Битола. Време 1917 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 970).

## ПРОСВЕТА

1. Зградата на влашката школа во село Магарево. Време 1904 год. Место село Магарево. (ИАБ, Ф.М.М. 1623).

2. Матурантите од турската гимназија заедно со професорите. Време 1905 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1033).

3. Инспекторот на романските школи Николај Тачит. Време 1905 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5307).

4. Зградата на романската гимназија што ја догради романскиот конзул. Време 1906 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 544).

5. Учениците од романската трговска гимназија во Солун. Време 1906 год. Место Солун. (ИАБ, Ф.М.М. 5365).

6. Инспекторот на романските школи во Македонија Лазар Дума, ранет од страна на Грците во Солун. На сликата се гледаат раните. Време 1906 год. Место Солун, дома. (Сликата е направена од Јанаќи Манаќи). (ИАБ, Ф.М.М. 5610).

7. Учениците од бугарската гимназија во Костур. Време 1907 год. Место Битола, ателје. (ИАБ, Ф.М.М. 286).

8. Прославата на денот на Св. Кирил и Методиј. На сликата се гледа дефилето на учениците. Време 1907 год. Место Битола, улицата пред болницата. (ИАБ, Ф.М.М. 1089).

9. Учениците од романската основна школа во Солун со учителот Гизари. Време 1907 год. Место Солун. (ИАБ, Ф.М.М. 3741).

10. Два ученика од романската гимназија во униформа. Време 1907 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5237).

11. Никола Кража влав од Гопеш инаку трговец од Софија поклони на романската гимназија во Гопеш 36 музички инструменти. На сликата пречекот од учениците со музиката. Време после Хуриетот пред Првата Балканска војна. Место Гопеш. (ИАБ, Ф.М.М. 21).

12. Портретот на учителите и учителките од село Гопеш, на влашката школа. Време турско. Место село Гопеш. (ИАБ. Ф.М.М. 315).

13. Учениците од земјоделското училиште од Битола како садат. Време турско. Место Битола, во земјоделското училиште. (ИАБ, Ф.М.М. 397).

14. Учениците од основната романска школа во Солун. Сликата е направена од Јанаќи Манаќи. Време турско. Место Солун. (ИАБ, Ф.М.М. 1233).

15. Група ученички и професорки од женската романска гимназија во Битола, на крајот на школската година. Време пред Балканските војни. Место Битола, пред училиштето. (ИАБ, Ф.М.М. 11).

16. Група од 20 ученички заедно со своите професори од женската бугарска школа во Битола. Време пред Балканските војни. Место Битола, пред бугарското женско училиште. (ИАБ, Ф.М.М. 79).

17. Турската гимназија — Идадија во Битола, учениците и професорите и директорот во средината со чадорот. Време пред Балканските војни. Место Битола, во дворот на гимназијата. (ИАБ, Ф.М.М. 211).

18. Учениците и учителите од село Трново и село Магарево од влашката школа. Време 1913 год. Место село Трново каде што имаше училиште. (ИАБ, Ф.М.М. 362).

19. Ученичките од женското продолжно училиште од село Магарево. Време 1913 год. Место село Магарево. (ИАБ, Ф.М.М. 5371).

20. Учениците од женската работничка школа во школската 1913/1914 година. Време 1914 год. Место Битола, пред училиштето. (ИАБ, Ф.М.М. 81).

## СПОРТСКИ ДРУШТВА

1. Првите велосипедисти во Битола. На сликата во средината се гледа Милтон Манаќи. Време 1906 год. Место Битола, пред спортскиот клуб на патот за на станица. (ИАБ, Ф.М.М. 1051).

2. Дефилето на друштвото „Пелистерски јунак" на денот Кирил и Методиј. Време 1907/8 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 339).

3. Фудбалерите играат на стадионот. Време 1914 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1044).

## СТОПАНСТВО

1. Сточари Власи заедно со своите имоти и фамилии при слегувањето од планината во есента во околината на Гребена. Време 1898 год. Место во близината на селото Гребена — Костурско Егејска Македонија. (ИАБ, Ф.М.М. 170).

2. Еснафот на анџиите на својот ден. Време пред Балканските војни. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 171).

## ТАНЦУВАЛНИ ДРУШТВА

1. Македонско танцувално друштво. Време 1907 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 1074).

## ТРГОВИЈА — ТРГОВЦИ

1. Гопешките трговци на враќањето од Битола за Гопеш. Време 1905 год. Место непознато. (ИАБ, Ф.М.М. 17).

2. Погребението на Дида трговец од село Магарево убиен од Грците андарти. Време 1906 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 5678).

3. Група трговци што купуваат цели стада овци. На сликата се гледа како преговараат. Време турско. Место во близината на Гребена во планината. (ИАБ, Ф.М.М. 1198).

## СРПСКИ ПРОПАГАНДНИ ЧЕТИ

1. Јован Бабунски од лево првиот што седи и до него е Васил Трбиќ со своите чети во 1908 год. Време 1908 год. Место Битола во дворот на српската школа. (ИАБ, Ф.М.М. 131).

2. Доаѓањето на српските чети на Јован Бабунски, Васил Трбиќ и Глигур Соколовиќ во Битола на денот на Хуриетот. Пресликани. (ИАБ, Ф.М.М. 4502).

## ЦРКВЕНИ ЗГРАДИ

1. Зградата на влашката црква. Поради грчката пропаганда не смееше да се направи влашка црква, затоа се изгради прво во вид на куќа а покасно се догради и поправи еден дел за да стане црква. Време 1904 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 751).

2. Осветување на црквата во Сорович со друштвото „Пелистерски јунак". Пресликана од 18 x 24. Време 1908 година. Место село Сорович. (ИАБ, Ф.М.М. 4696).

3. Изгледот на зградата од митрополијата што ја подигна бугарскиот владика Глигорие. Време турско. Место Битола на улицата Ѓуро Ѓаковиќ. (ИАБ, Ф.М.М. 1257).

## РАЗНО

1. Зградата на Островото Јанинско во која што е убиен Али Паша Јанински. Време 1898 год. Место Јанина. (ИАБ, Ф.М.М. 458).

2. Турската артилерија во Јанина. Време 1898 год. Место Јанина. (ИАБ, Ф.М.М. 467).

3. Прославата на датумот на стапувањето на престолот на султанот Хамид во Јанина — дефиле на турската војска. Време 1900 год. Место Јанина. (ИАБ, Ф.М.М. 1022).

4. Турците чувари на јавните патишта кои наплатуваа на секого кој ќе поминеше низ патот. Време 1901 год. Место Гребен. (ИАБ, Ф.М.М. 448).

5. Леринското друштво Стефан Ролев. Време 1908 год. Место Лерин. (ИАБ, Ф.М.М. 4412).

6. Изгледот на офицерскиот дом како го оставиле Турците. Време 1912 год. Место Битола. (ИАБ, Ф.М.М. 4509).